ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 665
Žiro račun :2340009-1100038804

Урброј: ЗМ - 68-0/2003
Загреб, 19.12.2003.

# З А П И С Н И К

од **19-сетата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **19.12.2003. год.** со почеток во 11,20 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов -МКД Илинден -Риека -претседател на Заедницата, Анастас Оџаклиески -МКД К. Мисирков -Загреб, Тања Јовановска -МКД Биљана -Задар, (која во работата на седницата се вкучи со закаснување од 25 минути), Славица Сагадин -МКД К. Рацин -Пула, Благоја Јовановски -МКД Б. Миладиновци -Осиек, Кирил Стоилов -МКД Македонија -Сплит (по полномоштво на новоизбраниот претседател -Владимир Апостолски), Никола Гроздановски -секретар на Заедницата и Анка Рабузин -админ. секретарка на Заедницата.
Гости: Трајан Стефановски -претседател на МПЦО Св. Злата Мегленска -Загреб и отец Кирко Велински -Македонска православна црква (кој во работата на седницата се вклучи покасно).
Седницата ја водеше претседателот на Заедницата и претседател на Управниот одбор на Заедницата -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателот го прочита предложениот дневен ред. По спроведената дискусија со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на претседателот** и седницата ја продолжи работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 18-сетата седница.

2. Анализа на активностите од претходната седница до денес:
   - реализација на манифестацијата *10 години Македонски глас* и др.

3. Договор за донесување на одлуки за работите кои би се реализирале до наредната седница на УО:
   - печатење на книгата *Калинка* од Р. Димовски и донесување на одлука за исплата на хонорарите за истата,
   - трансфер на преостанатите средства предвидени за оваа година,
   - изработка на годишниот извештај за 2003. год.,
   - припрема за одржување на годишните Собранија на друштвата и на Заедницата.

4. Разно:
   - договор за користење на просторот во кој делуваат Заедницата, МКД К. Мисирков и МПЦО Св. Злата Мегленска.

**Ад. 1.** По спроведената дискусија, со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го усвоија записникот** од претходната седница.

**Ад. 2.** Претседателот најпрво изрази благодарност во име на Заденицата на сите што придонесоа во успешноста на манифестацијата *10 год. Македонски глас* и изрази задоволство што на манифестацијата беа присутни претставници од Советот и Уредот за нац. малц., од Мак. Православна црква и др. видни личности.
Во дискусијата по оваа точка присутните ги изнесоа своите мислења и критики кои се однесуваа на текстот на благодарниците, протоколот на манифестацијата, како и говорот на поединци на хрватски јазик и др. За трошковите зборуваа секретарот и А. Рабузин и нагласено е дека со помош на донатори и рационално користење на средствата, оваа маниф. е реализирана со помалку средства (вкупно околу 8.000 куни, а одобрени од Советот за таа намена беа 10000 куни). Нагласено е дека трошковите за печатењето и хонорарите за посебниот број на Македонски глас ќе се подмират од средствата предвидени за информирање, а присутните беа информирани дека на таа маниф. се продадени 13 книги (вкупно 390 куни).
По спроведената диск. со јавно гласање, член. на УО **едногласно го усвоија извештајот за реализац. на оваа ман. со констатација дека е успешно реализирана.**

**Ад. 3.** * Членовите на УО се информирани дека реализацијата на книгата Калинка од Р. Димовски е при крај, дека првиот оброк за печатењето е платен и дека од страна на авторот е примено барање за исплата на хонорарите на сите лица што директо работеле на нејзиното излегување. По спроведената дискусија членовите на УО **едногласно ги донесоа следниве заклучоци:**
-од одобрените средства за таа намена од страна на Советот (32000 кн) да се плати и вториот оброк за печатењето по добивањето на книгите,
-понатаму да се реализират хонорарите за останатите (освен за авторот) во висина према барањето на авторот плус сите давања према законот,
- од преостанатите средства да се исплати хонорарот на авторот вклучувајќи ги исто така давањата према законот,
-исплатата на хонорарите да биде во два дела,
- за авторот освен исплата на хонорар да се дадат и 100 примероци од книгата,
-продајна цена на книгата да биде 50 кн,
- сите друштва да добијат по 5 книги, а секое од нив да биде задолжено за продавање на 30 примероци од книгата по спомнатата цена,
- на МПЦО Св. Злата Мегленска да се дадат 5 книги,
- останатите книги да бидат во Заедницата, за достава до потребните институции и за продавање.

* Во врска со трансферот на средствата, членовите на УО констатираа дека претходните 2 трансфера се реализирани према договорот по пат на телефон со претседателите на друштвата и тоа така што на друштвото од Сплит не е извршен трансфер на средства од почетокот на јули, а на секое друштво од тие средства се трансферирани по 2000 куни. Потоа членовите на УО се договорија последните средства за оваа година да се трансферират по добивањето од Советот, а на секое друштво да се испрати допис за трансферот на средствата во 2003. год. По информацијата на К. Стоилов дека сега веќе друштвото од Сплит има се решено по прашањето за печат и жиро рачун, членовите се сложија да преостанатите 3500 куни одма се трансферират на тоа друштво.

Потоа членовите на УО констатираа дека по Решение новоизбраниот претседател на друштвото од Сплит, В. Апостолски е сега член на овој УО, а го замолија г. К. Стоилов да пренесе на своите да изберат нов дописник за Макед. глас за друштвото од Сплит или да се потврди досегашниот и за тоа да ја известат Заедницата со допис. Исто така да се испрати допис до Заедницата во врска со примомредавањето на сé потребно помеѓу претходната претседателка, К. Јурановиќ и сегашниот претседател В. Апостолски. Понатаму стана збор и за т.н. Центар што го формирала г-ѓа И. Мусиќ во Сплит, а претседателот ги информира присутните дека во врска со тој центар разговарал со г-ѓа В. Наумовска во Амбасадата на Р. Македонија која го известила дека тие превземаат мерки за негово затварање.

* Во понатамошната дискусија, членовите на УО се договорија да секое друштво направи годишен извештај за 2003 год. и да го достават до Заедницата до 12.01.2004. Понатаму од страна на Заедницата да се припремат вкупни податоци кои ги бара Советот и на тој начин сето тоа да се предаде во Советот до 15.01.2004. (према барањето на Советот). Извештајот за Заедницата да се направи и достави на секое друштво до 10.01.2004. а секој од претседателите по телефон да ја информира Заедницата за прифаќањето на истиот.

Потоа со јавно гласање, членовите на УО донесоа **едногласна одлука за цените за оглас во Македонски глас** (прилог). Исто така се договорија да се копира видеоказета во два примерока за друштвата што ја претставуваа Заедницата оваа год. на манифест. во Лисински која овие денови е примена од Советот.

* Членовите на УО потоа водеа дискусија за одржување на Собранија на друштвата како и на Заедницата, и ѓи донесоа следниве **заклучоци:**

-сите друштва Собранијата да ги одржат до крајот на февруари 2004. г.,
-на тие собранија друштвата да изберат и предложат свои кандидати за делегати на Собранието на Заедницата, и предлог на кандидати за членови на Надзорниот одбор, претседател на Заедницата, секретар, главен уредник и дописници за Македонски глас,
- друштвото од Пула во најскоро време да писмено ја извести Заедницата за изборот на в.д. член на Надз. одбор на Заедницата како замена за А. Оџаклиески.
- членовите на Надз. одбор на Заедницата да извршат контрола на финансиското работење на Заедницата пред одржувањето на Собранието на Заедницата,
- Собранието на Заедницата да се одржи во почетокот на април 2004. г.
- Собранието на Заедницата да биде отворено за сите заинтересирани членови.

**Ад. 4.** По оваа точка на днев. ред, А. Оџаклиески замоли да, додека Советот на македон. нац. малц. за град Загреб чиј претседател е тој, за основните потреби исто го користи просторот во кој делува и Заедницата. Присутните ја прифатија неговата молба и исто така се договорија да во Макед. глас исто се пишува и за тој Совет. По кратката дискусија за договорот за користење на просторот во кој делуваат Заедницата, МКД К: Мисирков, МПЦО Св. Мегленска и од сега и Советот на мак. нац. малц. за град Загреб присутните се договорија да за сите конкретни прашања во врска со тоа меѓусебно се договорат: Н. Грoздановски, А. Оџаклиески и Т. Стефановски.

Б. Јовановски нагласи дека хитно треба да се набави комплетна компјутерска опрема како би можело сите прилози за Мак. глас одовде да се испраќаат за печатење на списанието и да сето тоа што е потребно да го работи А. Рабузин како секретарка на списанието и тоа да ѝ се плати. Исто така тој замоли да прилозите за списанието бидат покуси како и во иднина списанието да се печати потполно во боја.

Потоа членовите на УО се сложија со предлогот на претседателот да од страна на Заедницата се испрати допис -барање до К. Јурановиќ од Сплит да, во просториите на друштвото од Сплит го достави списанието М. г. како и книгите што се наоѓаат кај неа.

Членовите на УО се договорија да наредната седница се одржи во февруари 2004. г. и со тоа оваа седница ја заврши својата работа во 14 часот.

Записничарка:
Анка Рабузин

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател:
Илија Христодулов